Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 46, 15 септември 2010 година

септември 2010 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

РЕФЕРАТ за избор на двајца соработници (во звање асистент) за наставно-научната област рударство на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

РЕФЕРАТ за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област применета кинезиологија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

РЕФЕРАТ за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област психологија на образование и воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 26

РЕФЕРАТ за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област образование на наставници на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор во наставно научната област лозарство, сензорна и аналитичка евалуација на виното на Земјоделскиот факутет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

РЕФЕРАТ за избор на асистент за научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 46

РЕФЕРАТ за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 51

РЕФЕРАТ за избор на наставници во насловно звање – доцент/вонреден професор за наставно научна област информатика на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 58

РЕФЕРАТ за избор на наставници во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно научната област електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 63

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научно подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 70

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 86

РЕЦЕНЗИИЈА на докторската дисертација со наслов „Металогенија на полиметалниот рудоносен систем буковик-кадиица“ од кандидатот м-р Горан Тасев , Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 109

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 113

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ / АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИТОПАТОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ -ШТИП**

Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип на својата 33. редовна седница, одржана на 23.8.2010 година, со Одлука бр. 1802-130/5, формира трочлена Рецензентска комисија за избор на еден ***асистент*** за наставно-научната област ***фитопатологија***, во состав:

1. проф. д-р Саша Митрев – претседател, редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;
2. Проф. д-р Илија Каров – член, редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;
3. Доц. д-р Душан Спасов – член, доцент на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Во согласност со Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” 35/08), како и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Статутот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, Рецензентската комисија го поднесува следниов извештај

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот Конкурс во весникот „Дневник”, на 30 јуни 2010 година, за избор на еден ***асистент*** за наставно-научната област ***фитопатологија*** се пријавија тројца кандидати:

1. м-р Константин Русевски
2. м-р Билјана Ковачевиќ
3. дипл. инж. Сања Филиповска.

Критериумите за избор на асистент, наведени во Конкурсот, беа следниве: „кандидатот треба да има завршено постдипломски студии од научната област за која се врши изборот, како и да ги исполнува останатите услови наведени во чл. 129/130 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип“.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени во Конкурсот беа следните:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование диплома, за одбранет магистерски труд;
- кратка биографија;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- уверение за државјанство.

Врз основа на пристигнатите пријави и останатите приложени документи, Рецензентската комисија дава преглед на приложените документи од страна на пријавените кандидати:

| Кандидат | Пријава | Диплома за одбранет магистерски труд | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови | Уверение за државјанство |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Русевски Константин | има | има | има | има | нема | има |
| Ковачевиќ Билјана | има | има | има | има | има | има |
| Филиповска Сања | има | нема | има | има | нема | има |

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Русевски Константин** е роден на 15 октомври 1983 година во Куманово. Во 2002 година го завршува средното земјоделско училиште „Киро Бурназ" во Куманово. Истата година се запишува на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што и дипломира на 29 февруари 2008 година, со што се стекнува со правото на стручен назив **дипломиран земјоделски инженер**. Во 2008 година се запишува на магистерски студии од втор степен на Универзитетот *Алма матер студиорум* во Болоња, Република Италија, каде што на 27 ноември 2009 година магистрира на тема „*Strategies for organic production in the Republic of Macedonia*" (во превод „*Стратегија за органско производство во Република Македонија*") и се здобива со звање универзитетски мастер од втор степен во областа стабилен развој на земјоделските и руралните средини на Јадранско-јонската Котлина, и се здобива со 64 ЕКТС.

**Работно искуство**

Во мај 2007 година се вработува како супервизор во MERRIMACK FARM, CAMBRIDGE во Англија, каде што останува се до октомври истата година. За време на студиите во Република Италија, од септември 2009 до декември 2009 година, стажира во сертификациската куќа за органско производство Bioagricert S.R.L во Болоња. Од декември 2009 година до јуни 2010 година волонтира на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Солидно ги познава англискиот и италијанскиот јазик. Одлично ги познава и компјутерските програми: Word, Excel, Power Point, Corel Drow, Internet и Finale.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Билјана Ковачевиќ** е родена на 9 март 1974 година во Штип, каде завршува основно и средно образование. Во октомври 1999 година дипломира на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се здобива со звање **дипломиран инженер по хемија**. Во учебната 2004/05 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, на групата Заштита на растенијата, отсек Фитопатологија. На овој Факултет кандидатката положува поголем број од предвидените испити со просек 9,6. Во 2009 година, ги продолжува постдипломските студии на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде што на 2 јули 2010 година магистрира на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, Оддел за фитопатологија (со просек 9,83) и се здобива со научен степен **магистер по земјоделски науки, заштита на растенијата**.

**Наставно-образовна дејност**

Во учебната 2009/2010 година кандидатката Билјана Ковачевиќ ги спроведува предметните вежби по предметите: Фитопатологија, Фитофармација, Заштита на полјоделски култури и Заштита на градинарски култури за студентите на Земјоделскиот факултет во Штип и во Струмица. Истата учебна година кандидатката ги одржува вежбите на постдипломските студии по предметите Лабораториска практика и Методи на научноистражувачката работа и учествува како коавтор во подготвување на интерна скрипта по предметот за постдипломските студии на Земјоделскиот факултет, а истовремено ги извршува и работните задачи кои и се доделени во лабораторијата за заштита на растенијата и животната околина.

**Научноистражувачка дејност**

***Објавени научни и стручни трудови***

Како резултат на досегашната научноистражувачка работа, кандидатката Билјана Ковачевиќ како коавтор објавува вкупно 17 трудови од кои 15 се оригинални научни трудови а 2 се прегледни труда:

1. Mitrev Sasa, **Biljana Kovacevik**, Spasov Dusan, Zlatkovski Vasko (2010). Evaluation of some possibilities to suppress Pseudomonas mediterranea and Phytium spp. In organic agriculture. Book of abstracts. International conference on organic agriculture in scope of environmental problems, 03 – 07 February 2010. Famagusta, Cyprus Island.
2. Ilija Karov, Sasa Mitrev, **Biljana Kovacevik** and Emilija Kostadinovska (2009): Diversity of fungal pathogens infecting Hordeum L. in Macedonia, symptoms and morphology. International Conference on Plants & Environmental Pollutioн, Kayseri, Turkey.
3. Каров И., **Билјана Ковачевиќ** (2008): Puccinia Graminis и Blumeria graminis f.sp. tritici, микози присутни на пченицата и јачменот во Македонија. Заштита на растенијата XIX, Скопје, 99-102.
4. Каров И., Митрев С., **Ковачевиќ Билјана**, Костадиновска Емилија (2008): Инвентаризација на паразитната микрофлора на пченицата и јачменот во Република Македонија. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет. Годишен зборник VIII, 37 – 45.
5. Каров И., Митрев С., **Ковачевиќ Билјана**, Костадиновска Емилија (2008): Mycosphaerella graminicola (Fuck.) Schroter (Anamorf: Septoria tritici Rob ex Desm.) – причинител на сива дамкавост на листовите (септориоза) кај пченицата. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет. Годишен зборник VIII, 19 – 26.
6. Каров И., **Билјана Ковачевиќ** (2008): Puccinia Graminis и Blumeria graminis f.sp. tritici, микози присутни на пченицата и јачменот во Македонија. Заштита на растенијата XIX, Скопје, 99-102.
7. Каров И., Митрев С., Михајлов Љ., **Ковачевиќ Билјана**, Ристова Даниела, Накова Емилија (2007): Cochlobolus sativus (Ito & Kurib) причинител на гниење на коренот и стеблото и дамкавост на листивите на јачменот. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет. Годишен зборник 2007, Вол. VII, 19 – 26.
8. Илија Каров, Саша Митрев, **Ковачевиќ Билјана**, Ристова Даниела, Емилија Накова (2006): Болести на житните култури во Република Македонија. Годишен зборник на трудови на Земјоделски факултет. Вол. VI: 17 - 26.
9. Илија Каров, Саша Митрев, **Ковачевиќ Билјана**, Ристова Даниела, Емилија Накова (2006): Појава на Cochliobolus sativus кај јачменот (Hordeum vulgare L.) во Македонија. Годишен зборник на трудови на Земјоделки факултет I: 12-18.

10. Mihajlov, Lj., Mitrev, S., Vasilevski, G., **Kovacevic Biljana**: „Ilindenka and Pela" - the first confirmed soybean varieties in Republic of Macedonia. Proceedings of 41st Croatian & 1st International Symposium on Agriculture, February 2006, Opatija, Croatia: 211-212.
11. Mitrev, S., **Kovaćevič Biljana** (2006): Characterization of bacterial strains of Xanthomonas campestris pv. vesicatoria isolated from pepper in Macedonia. Journal of Plant Pathology (2006), 88 (3), 321-324.
12. Митрев, С., Накова, Е., **Ковачевиќ Билјана** (2005): Преглед на позначајните растителни бактериски болести во Република Македонија. Годишен зборник на ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури, 2004/2005. Вол. IV/V: 139-146.
13. Митрев, С., Каров, И., Михајлов, Љ., Накова, Е., **Ковачевиќ Билјана**, Ристова, Д. (2006): Бактериски болести кај доматот во Република Македонија. Годишен зборник за заштита на растенијата. Вол. XVII, Скопје.
14. Каров, И., Митрев, С., Михајлов, Љ., Ристова, Д., Накова, Е., **Ковачевиќ Билјана** (2005): Heteranthera reniformis Ruiz & Pavon, нов вид во плевелната флора на оризот во Република Македонија. Зборник на трудови, 1. Конгрес за заштита на растенијата, Охрид, 29.11.-2.12..2005: 125 - 128.
15. Каров, И., Митрев, С., Михајлов, Љ., Накова, Е., **Ковачевиќ Билјана**, Ристова, Д. (2005): Gibberella fujikuroi (Sawada) Wollenweber, нова паразитна габа на оризот во Република Македонија. Зборник на трудови, 1. Конгрес за заштита на растенијата, Охрид, 29.11. - 2.12.2005: 51- 54.
16. Каров И., Митрев С., Михајлов Љ., Ристова Даниела, Накова Емилија, **Ковачевиќ Билјана** (2005): Gibberella fujikuroi (Sawada) Wollenweber, нова паразитна габа на оризот во Кочанско. Годишен зборник на ИЈЗК, 2004/2005, Вол. IV/V: 157 – 162.
17. Каров И., Митрев С., Михајлов Љ., Ристова Даниела, Накова Емилија, **Ковачевиќ Билјана** (2005): Heteranthera reniformis Ruis & Pavon, нов плевел во оризиштата во Кочанско. Годишен зборник на ИЈЗК, 2004/2005, Вол. IV/V: 147 - 153.

**Апликативна дејност**

***Учество во проекти***

Кандидатката Билјана Ковачевиќ во периодот од 2002 до 2009 година учествува како соработник - млад истражувач во пет проекти:

- 2000-2002: Болести на оризот (раководител на проектот д-р Илија Каров);
- 2004-2006: Проучување на фитоплазмите како причинители на заболувања кај земјоделските култури (раководител на проектот д-р Саша Митрев);
- 2005-2007: Болести кај пиперката во Македонија и Бугарија – видова и расна разновидност, извори на отпорност и материјал за селекција (раководител на проектот д-р Саша Митрев);
- 2006-2008: Pyricularia orizae кај оризот во Република Македонија и Народна Република Кина, (раководител на проектот д-р Илија Каров);
- 2008-2009: Обновливи извори на енергија во градинарското производство, (раководител на проектот д-р Саша Митрев).

Како домашен експерт од областа на земјоделието зема учество во два проекта:

1. ОСОГОВО - ЕКО РЕГИОН: Предавања на тема „Производство на здрава храна- органско земјоделие" во пет града во Македонија;
2. SWOT CHEMISTRY-FOOD: Домашен експерт на состанок на Food Cluster организиран од Европската комисија во Вагенинген, Холандија.

***Вработување и работно искуство***

Во периодот од 2004 до 2007 година, кандидатката Билјана Ковачевиќ волонтира во Институтот за јужни земјоделски култури во Струмица како полмлад асистент по фитопатологија. Од 2007 година до денес работи како помлад асистент на Катедрата за заштита на растенијата на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, каде што истовремено е ангажирана и во Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина.

***Стручни усовршувања***

Кандидатката во последниве пет години поминува седум стручни усовршувања и тоа: 2005 година во Бари, Италија, обука на тема „Органско производство“; 2006 година во Нови Сад, Р. Србија, обука за ELISA тест; 2008 година во Будимпешта, Унгарија, обука за FP7 проекти; 2008 во Анталија, Турција, обука за принципите на PFGE (Pulse Field Gel Electrophoresis) техника; 2009 во Белград, Р. Србија, обука на тема принципи и примена на SEM-EDS системи; 2009 година во Загреб, Р. Хрватска, обука за идентификација и детерминација на микотоксини за којашто добива и стипендија од Министерството за наука и спорт на Хрватска и 2010 година во Тетово, Р. Македонија обука на тема „Sustainable agriculture training“ која е одржана во рамките на TEMPUS проект.

**Учество на научни собири**

1. I Конгрес за заштита на растенијата во Република Македонија, 28.11-2.12.2005, Охрид;
2. I Congress of Plant and Environmental Pollution, 6 -11. 07. 2009, Kayseri, Turkey;

***Биографски податоци***

Кандидатката **Сања Филиповска** е родена на 3 декември 1982 година во Штип, каде завршува средно медицинско училиште. Дипломира на Факултетот за биотехнички науки во Битола, во учебната 2007 година, а во учебната 2009/2010 година се запишува на постдипломски студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, модул Преработка на анимални производи.

Има познавање од англиски јазик и компјутерски програми: Word, Excel, Power Point, Corel Drow.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на извршениот преглед на поднесената документација од пријавените кандидати за автобиографските податоци, наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Ковачевиќ Билјана со своите наставни, научни, стручни и професионални достигнувања се оспособила за наставно-научен соработник. Оценувајќи го искуството во научните активности, квалитетот на објавените трудови, а согласно со законските прописи и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Комисијата има чест и особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, кандидатката м-р Билјана Ковачевиќ да ја избере во звањето асистент за научната област фитопатологија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Саша Митрев, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Илија Каров, член, с.р.**

**Доц. д-р Душан Спасов, член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на**
**кандидатот м-р Константин Русевски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип**

| Вид на активност | Број на документ/ потврда | Број на активности/ трудови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| | | | | |
| **Научноистражувачка дејност** | | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 2 | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | | |
| | | | | |
| **Вкупно** | | | | **12** |

**Табела за вреднување на активностите на кандидатката м-р Билјана Ковачевиќ, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип**

| Вид на активност | Број на документ/ потврда | Број на активности/ трудови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| Вежби по предметот Фитопатологија | 1 | 48 | 0,2 | 9,6 |
| Вежби по предметот Заштита на градинарски култури | 1 | 12 | 0,2 | 2,4 |
| Вежби по предметот Заштита на полјоделски култури | 1 | 12 | 0,2 | 2,4 |
| Вежби по предметот Фитофармација | 1 | 24 | 0,2 | 4,8 |
| **Научноистражувачка дејност** | | | | |
| Одбранета магистерска работа | 2; 3;4 | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати (СЦИ) | 5 | 1 | 9 | 9 |
| Трудови со оригинални научни резултати (ЦИ) | 6 – 11;<br>14 -16 | 9 | 6 | 54 |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир во странство | 19;20;21 | 3 | 2 | 6 |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир во земјата | 17,18 | 2 | 1 | 1 |
| Прегледен труд (ЦА) | 13 | 1 | 10 | 10 |
| Учество на научен собир со реферат во странство | 22 | 1 | 1 | 1 |
| Учесник во научен проект | 30 | 2 | 2 | 4 |
| Студиски престој во странство | 25-28 | 4 | 8 | 32 |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | | |
| Учесник во научен проект во земјата | 23, 12 | 2 | 5 | 10 |
| Учесник во научен проект во странство | 24 | 1 | 8 | 8 |
| **Вкупно** | | | | **159,2** |

**Табела за вреднување на активностите на кандидатката Сања Филиповска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

| Вид на активност | Број на документ/ потврда | Број на активности/ трудови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **наставно-образовна дејност (НО)** | | | | |
| | | | | |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | | |
| | | | | |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | | |
| **Вкупно** | | | | **0** |